Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

# ЗАПИСНИК
# од 1. седница на претседателството на ЗМКГБ, одржана на 4.11.2021 година

(верзија 1)

Скопје, ноември 2021 година

**ЗАПИСНИК**

од **1.** седница на претседателството на ЗМКГБ,
одржана на 4.11.2021 година

На Седницата, одржана во виртуелна просторија на Градежниот факултет во Скопје со почеток во 14:00 часот, присуствуваа членовите на претседателството (10/11):

1. Љупчо Петковски, претседател на ЗМКГБ,
2. Славко Милевски, ген. секретар на ЗМКГБ,
3. Драги Дојчиновски,
4. Драган Димитриевски,
5. Игор Николоски,
6. Лидија Зафировска
7. Илија Кондински
8. Ибраими Шпресим
9. Игор Пешевски
10. Стевчо Митовски,

и на надзорниот одбор (1/3) на ЗМКГБ:

1. Здравко Јаковлевски,

Ненајавено отсутни на седницата:

1. Ѓорѓи Чакаровски, член на претседателство
2. Орце Мангаровски, член на надзорен одбор
3. Даниел Цеков, член на надзорен одбор

На Седницата, беа поканети и членови на Редакцискиот и Организациониот одбор за идните манифестации на здружението за брани. Од поканетите, присуствуваше (1/4): Фросина Пановска,

Седницата преку платформата ZOOM ја отвори претседателот на ЗМКГБ, Љупчо Петковски. На почетокот на Седницата беше усвоен следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од **22.** седница на Претседателството од минатиот мандат, одржана на 7.9.2021 година
2. Усвојување на записникот од Изборното собрание на ЗМКГБ, одржано на 1.10.2021 година во Струга
3. Усвојување на Деловник за работа на Претседателството на ЗМКГБ
4. Конституирање на Претседателство на ЗМКГБ со избор на потпретседател, благајник, технички секретар и записничар
5. Информација за 5. Конгрес за брани, одржан на 30.9 - 2.10.2021 година.
6. Припрема за Годишното собрание на ЗМКГБ, во Скопје, декември 2021 година.
7. Набавка на принтер за научни собири организирани од ЗМКГБ
8. Разно.

За секоја од наведените точки од Дневниот ред се разви дискусија со следниве

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Точка 1. Записник од претходната седница**
Записникот од 22. Седница на Претседателството, финалната верзија, е доставен до сите членови на Претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои.

**Точка 2. Записник од Изборното собрание**
Записникот од Изборното собрание на ЗМКГБ, 1.10.2021 година во Струга, е доставен до сите членови на претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои..

**Точка 3. Деловник за работа**
Љупчо Петковски објасни дека врз основа на член 29 од Статутот на ЗМКГБ начинот на работа на Претседателството се уредува со Деловник на работа. Предложениот Деловник е сличен на деловници од други здруженија и е прилагоден за ЗМКГБ. Воедно, предложениот деловник е идентичен со Деловникот на работа на Претседателството во минатиот мандат.

Деловникот за работа, како што беше предложен, односно без промени, беше едногласно усвоен.

**Точка 4. Конституирање**
Предлози за конституирање на Претседателството на ЗМКГБ достави Љупчо Петковски. Беа предложени: Стевчо Митовски за потпретседател, Игор Николоски за благајник и Фросина Пановска за технички секретар и за записничар.

Предлозите беа едногласно усвоени.

**Точка 5. Информација за 5. Конгрес за брани**
Љ. Петковски информираше за 5. Конгрес за брани во организација на ЗМКГБ, одржан на 30.9 - 2.10.2021 година, во Струга.

За Петтиот конгрес за брани пристигнаа одреден број реферати, од кои 33 беа прифатени од Редакцискиот одбор да бидат отпечатени во Зборникот посветен на Конгресот. Рефератите беа на македонски јазик (19) и на англиски јазик (14), а беа подготвени од експерти од Македонија, Турција, Словенија, Србија и Босна и Херцеговина. Рефератите во Зборникот беа подредени според четирите теми предвидени за Конгресот: 1. Истражување и проектирање на хидротехнички објекти, 2. Искуства од градење на брани и хидројаловишта, 3. Одржување, оскултација и санација на брани и придружни објекти, и 4. Регулатива, финансирање и оперирање со хидросистемите. Пет реферати се однесуваа на браната Конско, која е во напредната фаза на градба и претставуваше главно обележје на Петтиот Конгрес. Затоа, за оваа каменонасипна брана со височина од 80 м, со асфалтно јадро како водонепропустливо тело, се организира стручна посета, која е традиционална за сите манифестации на ЗМКГБ.

На конгресот имаше околу 70 учесници, со строго почитување на здравствените протоколи за сегашната COVID-19 пандемија. Во склоп на конгресот се одржа и Тркалезна маса „Можности за надградба на постојните хидроенергетски системи со реверзибилни хидроцентрали“.

После завршувањето на научниот и стручниот дел, се одржа Изборно собрание на Здружението МКГБ. На изборното собрание одржано на 1.10.2021 во Струга, беа избрани органи на ЗМКГБ за следниот мандатен период од 4 години. Успешно беше спроведен и практичниот дел, со стручна посета на браната со придружните објекти Конско, Гевгелија на 2.10.2021 година. На обиколките на објектите на преградниот профил, во фаза на градба, им претходеше презентација на браната со придружните објекти од Изведувачот (СЕРКА, Турција) и Надзорот (ГИМ, Скопје). Подетален извештај за 5-тиот Конгрес е објавен на сајтот на списанието ПОРТА3 https://www.porta3.mk/petti-kongres-za-brani-zapoznavanje-so-aktuelnite-problemi-od-realnoto-inzhenerstvo/ и треба да биде отпечатен во најновиот број на ПОРТА3.

Од финансиски аспект, добивките на ЗМКГБ, во периодот од 1.1.2021 до 1.11.2021 изнесуваа 414,585 денари. Тие средства воглавно беа од котизации и донации за одржувањето на 5-тиот Конгрес за брани. Во оваа пригода беше изразена благодарност до поддржувачите на ЗМКГБ во 2021 година, со што обезбедија рекламен простор во Зборник од настан што ќе биде реализиран идната година:

1. ГФ, УКИМ, Скопје
2. Саса, М.Каменица
3. АДИНГ, Скопје
4. Бучим, Радовиш
5. Боров Дол, Радовиш
6. ГИМ, Скопје
7. ДИГИТЕКС, Скопје
8. ИЗИИС, УКИМ, Скопје
9. ЈП Стрежево, Битола
10. СТЕНТОН, Битола
11. ГХК, Скопје
12. Чакар-партнерс, Скопје
13. ИЗИКП, Скопје
14. БУЛМАК, Пробиштип
15. Геинг КуК, Скопје
16. ДИЖС, Скопје
17. ЈП Студенчица, Кичево
18. АД ЕСМ, ХЕС Црн Дрим, Струга
19. АД ЕСМ, ХЕС Маврово, Гостивар
20. ЈП Водовод, Куманово
21. ЈП Лисиче, Велес
22. Ристо Манев (АД ВСРМ)
23. ЈП Злетовица, Пробиштип

Трошоците на ЗМКГБ за одржувањето на 5. Конгрес за брани беа 227,606 денари.

| рб | Преглед на трошоци за 5-ти Конгрес за брани | ден |
|---|---|---|
| 1 | CIP запис | 600 |
| 2 | материјални трошоци (Ф. Пановска) | 410 |
| 3 | Лектура на зборник | 6,383 |
| 4 | Печатење на зборник и плакати | 34,333 |
| 5 | Набавка на ташни | 29,500 |
| 6 | Набавка на акредитации, тефтери и пенкала | 9,430 |
| 7 | Хотел "Дрим", коктел, кафе паузи, свечена вечера, сместување на организационен одбор (студенти) и редакциски (од странство) =155,455-8,505 | 146,950 |

Ако на овие трошоци се додадат 25,725 денари за вкупно исплати (банкарски провизии, сметководство, перерегистрација, сајт на ЗМКГБ, адвокатски услуги и сл.) во периодот 1.1.2021-3.11.2021, тогаш нето добивката на ЗМКГБ во 2021 (заклучно со 3.11.2021) е 161,254 денари.

Беше предложено во следниот период да се уплати членарината во Меѓународната комисија за брани во износ околу 162,256 денари (ICOLD 2021 godishen depozit = 2,625.5 евра * 61.8 mkd/eur). Пред да биде уплатена, до традиционалните спонзори на ЗМКГБ ќе биде испратена Молба за покривање на дел од ICOLD членарините за 2021 и 2022 година на ЗМКГБ, со надеж дека ќе се прошири листата на поддржувачите во 2021 година (и евентуално ќе се промени рангирањето).

Со финансискиот преглед се потврдува дека опстанокот на MACOLD и обезбедувањето на полноправно членство во ICOLD е можно само ако се продолжи со востановената традиција - секоја година да се организира манифестација за размена на искуства и знаења од областа на Инженерството за брани. Досегашните настани организирани од ЗМКГБ беа препознаени како форуми кои придонесуваат во унапредување на знаењето од хидротехниката на учесниците и затоа биле поддржани од спонзорите на Здружението за брани.

**Точка 6. Припрема за Годишното собрание**

Оваа година со физичко присуство беше одржан 5-тиот Конгрес за брани, со коктел, пленарни сесии, тркалезна маса, изборно собрание, свечена вечера и стручна посета на брана Конско. Меѓутоа, факт е дека имавме доста среќа, зашто е дискутабилно колку беше строго почитувањето на здравствените протоколи, за кое се залагавме пред одржувањето на Конгресот. Затоа, со оглед на сегашната состојба на COVID-19 пандемијата, за претстојното Годишно собрание на ЗМКГБ, во декември 2021 година, беше предложено да се одржи на 23.12.2021 (Четврток) on-line.

Вообичаено, Годишното собрание се состои од административен дел, по што ќе следи семинар, а вообичаениот коктел во пред-новогодишна атмосфера ќе биде во некои подобри времиња. Така што настанот, доколку започне во 12:00, би завршил околу 14:00.

Традиција на Здружението за брани, на истакнати поединци со голем придонес во Инженерството за брани кои во минатото имале функции во ЗМКГБ после соодветна временска дистанца и по заминувањето во пензија, како заслужни членови да бидат во Почесниот одбор на ЗМКГБ. На тој начин, се оддава признание на заслужните членови за нивната долгогодишна посветеност во проектирањето и градењето на брани и пожртвуваното залагање во активностите на ЗМКГБ. Обврските на Здружението за брани се состојат во покривањето на трошоците на членовите на Почесниот одбор за учество на манифестациите во организација на ЗМКГБ, со што се обезбедува нивното драгоцено присуство на идните настани. Затоа, во административниот дел, покрај стандардните содржини, беше предложено да се додели Плакета за заслужен член на ЗМКГБ на Славчо Михајловски, со што би станал постојан член на Почесниот одбор на ЗМКГБ. Воедно беше предложено пригодна реч со кратка биографија за Славчо Михајловски да биде подготвена од Игор Николоски.

За семинарот треба да се имаат предвид темите кои беа застапени во претходните години: (1) Оскултација и мониторинг на браните, (2) Слабости на постојната легислатива во домен на хидросистемите, (3) Еколошките влијанија на браните и акумулациите, (4) Можности за развој на хидроенергетскиот потенцијал во

РС Македонија во идниот период, (5) Потреба од измени и дополнувања на Законот за градење со цел да се унапреди законската регулатива во градежништвото и (6) Искуства од градбата на големи брани во сегашниот период.

Воедно треба да се размислува за одржување на настан во октомври 2022 година, за кој треба да се донесе одлука во административниот дел од Годишното собрание. Имено, за да се задржи континуитетот на делувањето на ЗМКГБ, здружението треба да организира барем еден значаен настан (советување, конгрес, симпозиум) секоја година.

По однос на долгорочното планирање на активностите на ЗМКГБ беше подвлечено дека во 2023, најверојатно заеднички со АД ВСРМ, ќе се организира 13. Советување за водостопанство и хидротехника, а во 2025 година, треба да се организира 6. Конгрес за брани со Изборно собрание на ЗМКГБ.

Понатаму, во рамките на претстојното Годишно собраните ќе треба да се дискутира и одлучи за евентуална стручна посета на брани во 2022 година. Тоа секако ќе зависи од успешноста  во справувањето со пандемијата и треба да се има предвид стручната екскурзија која беше координирана со GRCOLD и детално испланирана во февруари 2020 година. Ако COVID пандемијата биде надмината до почетокот на април, тогаш би можеле да ја спроведеме  стручната посета на брани во Грција, во почетокот на мај 2022.

И. Пешевски посочи дека на 23.12.2021 ќе има предавање на проф. Решат, во организација на ДГМ, во терминот 09 – 12 часот.

Заклучоците од дискусијата за организација на Годишното собрание во декември 2021 година, кои беа едногласно усвоени, се следните:

(1) Годишно собрание на ЗМКГБ, да се одржи на 23.12.2021 (Четврток), без физичко присуство, on-line, со почеток од 13:00 часот.

(2) Во рамки на Годишното собрание да се одржи семинар, со почеток од 14:00 часот на тема „Актуелности во планирање, оскултација и санација на хидротехничките објекти“, со презентација на 4 реферати, како поттик за натамошна дискусија:
   - ✓ „Numerical modeling for identification of seepage by thermal monitoring in the embankment of Brežice HPP“ (Andrej Kryžanowski, Slovenia),
   - ✓ „INFLUENCE OF SMALL WATER STORAGE RESERVOIRS ON RELIABILITY OF IRRIGATION WATER SUPPLY“ (Tina Dashic, Srbia),
   - ✓ „Рехабилитација на браната Слатино, Охрид“ (Силјан Михајловски, Игор Николоски),
   - ✓ „САНАЦИЈА НА БЕТОНСКИТЕ ОБЛОГИ НА ВОДОСТАНСКИТЕ ШАХТИ НА ХЕ ВРУТОК, Гостивар“ (Зоран Јосифоски, Славко Милевски),

(3) Авторите да ги припремат презентациите (за говорна излагање во период од 10-15 минути) и најдоцна до 20.12.2021 година, во електронска форма, да ги достават до техничкиот секретар на ЗМКГБ.

(4) Соопштение за Годишното собрание, односно Покана со дневен ред, да биде доставено до членството на ЗМКГБ најдоцна до 13.12.2021.

**Точка 7. Набавка на принтер**

Љ. Петковски информира дека на претходните манифестации организирани од ЗМКГБ, за печатење на работни материјали, акредитации и слично се користеше црно-бел принтер на техничкиот секретар, кој е доста стар, нема скенер и може да се расипи. Пожелно би било за оваа намена да се набави современ принтер-скенер во боја, со кој ќе оперира техничкиот секретар. Беше предложено да се набави принтер-скенер во боја, со цена до околу 200 евра, кој исклучиво ќе биде наменет за

научните собири организирани од ЗМКГБ. На пример, чинењето на HP Color Laser MFP 178nw изнесува 12,490 денари.

Предлогот беше едногласно усвоен.

**Точка 8. Разно**

С. Милевски потсети дека денешниот датум 4. ноември е значаен датум за хидроенергетиката и за инженерството за брани, зашто во 1965 и во 1969, токму на тој датум, беа пуштени во погон ХЕЦ Глобочица и ХЕЦ Шпиље.

Лидија Зафировска посочи дека има сериозни проблеми со повеќенаменско користење на акумулацијата Тиквеш.

С. Милевски се надоврза дека има барање за сите оператори со акумулациите на ЕСМ да припремат активни мерки во услови на сушен период.

Љ. Петковски укажа дека Претседателството на ЗМКГБ, како во минатиот период, така и во идниот, ќе биде отворено за соработка со стопанството и институциите за иницирани проблеми во сите фази на хидросистемите (истраги, планирање, градење, одржување и оперирање). Таа соработка се сведува во составување на Стручни мислења и насоки за решавање на инженерските проблеми. Потсети дека слично беше постапено со барањата за брана Лисиче, Велес и за јаловишните брани на рудникот Саса, М. Каменица. За конкретниот проблем за оперирањето со акумулацијата Тиквеш, барањето од ДИЖС со основните параметри, да биде доставено до техничкиот секретар на ЗМКГБ и истото ќе биде поставено на дневен ред на следната седница на Претседателството.

* * *

На крајот Љ. Петковски им се заблагодари на присутните за активното учество, им посака добро здравје и успешно Годишно собрание со семинар и навести дека евентуална следна седница пред одржување на Годишното собрание може да се очекува во првата половина на декември, по што ја затвори седницата.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар,
Фросина Пановска

Скопје,
4.11.2021 година

Претседател на ЗМКГБ,

Проф. д-р Љупчо Петковски

Ljupcho Petkovski

Digitally signed by Ljupcho Petkovski
DN: cn=Ljupcho Petkovski, o=Faculty of Civil Engineering in Skopje, ou=Chair of Hydraulic Structures, email=petkovski@gf.ukim.edu.mk, c=MK
Date: 2021.11.04 23:46:09 +01'00'